Здружение на финансиски работници
на локалните самоуправи и јавните претпријатија
Association of finance officers
of the local governments and public enterprises

Број: 0302-246
06.09.2022 година
В е л е с

До
Сектор / одделение за јавни набавки
Сектор /одделение за финансии
Сметководство / правни работи / ревизија

**Предмет**: Покана за работилница

Почитувани,

Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија, врз основа на сопствените анализи, како и потребата и барањата за обука, потребата за меѓусебно континуирано информирање, размена на информации и зголемување на вештините, со задоволство Ве известува дека на ден **13.09.2022 година, со почеток во 9.30 часот, во хотел „Романтик“ – Велес**, ќе се одржи работилница на тема:

**„АКТУЕЛНИ ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ ОД ПРАКТИКАТА ВО ОБЛАСТА НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ“**

На работилницата ќе се разработуваат голем спектар на актуелни теми од областа на јавните набавки, меѓу кои и областите кои се однесуваат на: пропусти при подготовката на тендерската документација; пропусти во фаза на евалуација на понудите; роковите и условите за изјавување на жалба; основите за поништување на постапката, утврдување на способност на понудувачите; невообичаено ниска цена. Покрај наведените теми, на работилницата е планирана и специјална сесија наменета за поставување на прашања поврзани со јавните набавки.

Наведените теми се предизвик за размена на информации и изнаоѓање решенија за правилно и законско функционирање во областа на јавните набавки, што е и наша цел при организирањето на работилницата.

Обезбедениот квалитетен експерт – практичар, Анета Стевковска – член на Државната комисија за жалби по јавни набавки, со своето долгогодишно искуство во областа на јавните набавки од аспект на договорни органи и обезбедување на правна заштита во постапките, подготвените материјали и области кои се предмет на елаборирање на работилницата, претставуваат добра основа и мотивираност за ваше присуство.

Со задоволство го очекуваме присуството на претставници на единиците на локалната самоуправа, буџетски корисници, единки корисници, јавните здравствени установи, јавните установи, јавни претпријатија / јавни комунални претпријатија, акционерски друштва и други заинтересирани страни. На работилницата се добредојдени сите кои директно или индиректно се инволвирани во јавните набавки.

Надоместокот за учество на работилницата, работните материјали, кафе пауза и сендвич по учесник изнесува само **4.900 денари со ДДВ**, кој можете да го уплатите на име на:
**Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија:**
**Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје**
**Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје**
**Даночен број МК 4004997107233**

Во функција на подготовка за работилницата, Ве молиме да го пријавите Вашето присуство во канцеларијата на Здружението со доставување на пополнети **Пријави** за учество на работилницата на e-mail: zfrlsjpv@t.mk или kontakt_zfr@yahoo.com Формуларот за учество на работилницата и агендата се поставени на нашата веб страна https://zfr.org.mk/ За сите дополнителни информации обратете се во канцеларијата на Здружението на тел. 043/230-623, моб: 070/265-401, 071/335-930, 076/265-136 или наведените e-mail адреси.

Во очекуваме да ни се придружите и заеднички да ги разрешиме сите отворени прашања и дилеми поврзани со темите од работилницата, Ви посакуваме добро здравје.

Со почит,

**Извршен директор,**
м-р Зоран Јанкуловски

Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавни претпријатија ВЕЛЕС 2

З. Јанку